Наставна програма за слободен изборен предмет

за VII одделение

# ВОСПИТУВАЊЕТО ПРЕКУ ПАРАБОЛИТЕ, МУДРИТЕ ИЗРЕКИ И ПРИКАЗНИТЕ

Учебна 2024/2025 година

Скопје, 2024 година

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | **ВОСПИТУВАЊЕТО ПРЕКУ ПАРАБОЛИТЕ И МУДРИТЕ ИЗРЕКИ И ПРИКАЗНИТЕ** |
| Вид/категорија на наставен предмет: | Слободен изборен предмет за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети |
| Изготвил: | **Билјана Антова**<br>**ООУ "Невена Георгиева - Дуња"- Скопје** |
| Вид/категорија на наставен предмет | **Слободен изборен предмет** |
| Одделение: | VII (седмо) |
| Теми/подрачја во наставната програма: | 1. Воспитувањето преку параболите во христијанството<br>2. Воспитувањето преку Соломоновите мудри изреки во јудаизмот<br>3. Воспитувањето преку приказните и мудрите поуки во исламот |
| Број на часови: | 36 (2 часа неделно) |
| Опрема и средства: | • ЛЦД проектор, интернет, компјутер, телевизор<br>• Листови во боја, дрвени боици, фломастери, работни листови, хамер |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје:изборни предмети за подршка на личниот и социјалниот развој на учениците.

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје : **Јазична писменост**

Ученикот/ученичката знае и/или умее:

| | |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови, |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно), |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

| | |
|---|---|
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење, |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење може да придонесе за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвика недоразбирање и конфликти, |
| I-Б.7 | познавањето на мајчиниот јазик е еден од најважните столбови на етничкиот идентитет. |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје : **Личен и социјален развој**

Ученикот/ученичката знае и/или умее:

| | |
|---|---|
| V-A.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош. |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни, |

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

| | |
|---|---|
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |

| | |
|---|---|
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени, |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби. |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје: **Општество и демократска култура**

Ученикот/ученичката знае и/или умее:

| | |
|---|---|
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции; |
| VI-A.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и се ангажира за подобрување на состојбите. |

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес, |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е договорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење ви онтегрирано, етнички кохезивно општество |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје : **Техника, технологија и претприемништво**

Ученикот/ученичката знае и/или умее:

| | |
|---|---|
| VII-А.1 | да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секојдневниот живот. |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот |

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

| | |
|---|---|
| VII Б.2 | успешните идеи коишто водат кон лични, социјални и финансиски придобивки се резултат на креативност, иницијативност, посветеност и истрајност |
| VII Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1. Воспитувањето преку параболите во христијанството**
**Вкупно часови: 18**

**Знаења/вештини:**

Ученикот/ученичката:

- Се запознава со поимот парабола ;
- Го разбира значењето на параболите;
- Прави разлика помеѓу горделивост и скромност, лицемерие и љубов ;
- Разбира дека делата зборуваат погласно од зборовите;
- Умее да ги објасни поимите: пожртвуваност, совест, одговорност...
- Ги применува поуките во секојдневниот живот.

**Ставови/вредности:**

Ученикот/ученичката:

- развива тимски дух;
- се залага за двонасочна комуникација;
- има позитивен став кон семејството;
- развива критичко размислување дека воспитувањето е важно за секоја личност;
- прифаќа дека треба да биде разумен и послушен.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|
| • *Воведен час (поими: парабола)*<br><br>***Број на часови: 1*** | • Учениците се запознаваат со материјалот кој ќе се обработува во текот на ова полугодие.<br>• Преку краткометражен филм учениците се запознаваат со поимот парабола, и кое е значењето на параболите во христијанството (под христијанство се мисли на сите три конфесии: правослвие, римокатоличка црква и протестанти). |

| | |
|---|---|
| • *Парабола за сејачот и семето (поими: разумност, послушност)*<br><br>***Број на часови: 3*** | • Учениците ја читаат параболата за сејачот и семето (Лука 8.5-15). Потоа учениците поттикнати преку зададени прашања од страна на наставникот го анализираат текстот од параболата.<br>• Учениците поделени во четири групи преку техниката аквариум добиваат делови од текстот од параболата и истиот го обработуваат.<br>• Секоја група го претставува својот дел пред своите соученици како кратка драма во која секој од учениците од групата ќе одигра одредена улога од зададениот текст.<br>• Учениците извлекуваат заклучок колку е важно да бидат разумни и послушни во своите постапки. |
| • *Парабола за будалестиот богаташ (поими: алчност, споделување)*<br><br>**Број на часови: 2** | • Учениците ја читаат параболата за будалестиот богаташ (Лука 12.16-21). Потоа во парови или самостојно преку техниката двоен запис извлекуваат делови од текстот кои го привлекле нивното внимание, а потоа пишуваат коментар за истиот.<br>• Учениците ги читаат своите коментари пред соучениците.<br>• Потоа со учениците се води активна дискусија преку која се обработуваат прашањата кои тие ги поставиле во десната колона.<br>• Учениците деловите од прочитаниот текст ги поистоветуваат преку примери кои се случуваат во секојдневниот живот и извлекуваат заклучок дали треба да бидеме алчни или треба да споделуваме со нашите ближни. |
| • *Парабола за миратот и фарисејот (поими: фарисеј, митник, горделивост, скромност, лицемерие)*<br><br>**Број на часови: 2** | • Учениците внимателно го слушаат наставникот додека ја чита параболата за митарот и фарисејот (Лука 18, 10-14)<br>• Потоа преку техниката петоред дел од учениците изработуваат петоред за митарот, а другиот дел петоред за фарисејот.<br>• Учениците ги читаат своите ставови и размислувања и на тој начин искажуваат како ја разбрале приказната.<br>• Поттикнати од страна на наставникот учениците развиваат активна дискусија и доаѓаат до заклучок што ќе постигнат или изгубат во животот доколку се горделиви, а што доколку нивна одлика е скромноста. |

| | |
|---|---|
| • *Парабола за богаташот и сиромавиот Лазар (поими: пожртвуваност, грижа на совест)*<br><br>**Број на часови: 2** | • Учениците добиваат работни листови во кои се наведени поимите: помагање, пожртвуваност, грижа на совест. Потоа во парови треба да напишат како ги разбираат дадените поими и кое е нивното значење.<br>• Потоа учениците ја читаат параболата за богатиот и сиромавиот Лазар (Лука 16,19-31) и пронаоѓаат каде во текстот се наоѓаат и објаснуваат горенаведените поими.<br>• Ги запишуваат поимите како ги разбрале преку дадената приказна и воочуваат колку правилно или погрешно ги разбрале поимите во првиот момент. |
| • *Парабола за двајцата синови (поими: почит, одговорност, искреност)*<br><br>**Број на часови: 2** | • Учениците работат во парови и добиваат работни листови на кои е наведена техниката ЗОШТО-ЗАТОА ШТО и одговараат на прашањето: Зошто треба да го направиме тоа што родителите го бараат од нас?<br>• Учениците ги читаат своите ставови и доаѓаат до заклучок зошто треба да ја исполнат волјата на своите родители.<br>• Потоа внимателно ја слушаат параболата за двајцата синови (Матеј 21,28-32) и дискутираат кој од синовите постапил правилно .<br>• Потоа учениците даваат примери колку пати тие постапиле како едниот, а колку пати како другиот син. |
| • *Изработка на стрип*<br><br>**Број на часови: 6** | • Учениците се делат во групи и секоја група изработува стрип или подготвува драматизација на една од параболите која им оставила најголем впечаток.<br>• Учениците го цртаат стрипот или подготвуваат потребни материјали за драматизацијата, го распределуваат текстот и се подготвуваат.<br>• Потоа учениците ги презентираат своите изработени стрипови или драматизации пред останатите соученици . |

**Тема 2: Воспитувањето преку Соломоновите мудри изреки во јудаизмот**
**Вкупно часови: 9**

**Знаења/вештини:**

Ученикот/ученичката:
- Може да ја идентификува горделивоста и воображеноста кај луѓето како негативни особини;
- Знае што е грижа на совест;
- Ја разбира родителската љубов;

| | |
|---|---|
| - Препознава добар совет;<br>- Знае дека праведноста и чесноста водат кон успех; | |
| **Ставови/вредности:** | |
| Ученикот/ученичката:<br>- Го почитува размислувањето на другите;<br>- Има позитивен став кон праведноста;<br>- Развива одговорност кон семејството; | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности*** |
| • *Вавилонска кула (поими: гордост, вообразеност)*<br><br>**Број на часови: 1** | • Учениците ја читаат приказната од Стариот Завет за Вавилонската кула (Битие 11, 1-9)<br>• Поттикнати од страна на наставникот преку дискусија ја обработуваат приказната и доаѓаат до заклучок која е причината зошто Бог им ги измешал јазиците на луѓето<br>• Учениците користејќи ја својата креативност го цртаат градот Вавилон и недовршената Вавилонска кула. |
| • *Јосиф и неговите браќа (поими: грижа на совест, мудрост)*<br><br>**Број на часови: 4** | • Учениците го гледаат филмот за Јосиф и неговите браќа<br>• Според бројот на ученици во парови или групи учениците преку техниката ѕвезда на приказната го анализираат филмот кој што гледале<br>• Учениците се делат на четири групи и секоја група добива делови од приказната за Јосиф и неговите браќа (Битие.35-42)<br>• Секоја група го објаснува својот дел од текстот кој им бил зададен да го прочитаат на останатите групи ученици и ја составуваат приказната во една целина .<br>• Учениците извлекуваат поука каков треба да биде односот кон нашите браќа, и како треба да реагираме на нивните грешки. |
| • *Мудриот совет на Соломон (Поими: пожртвуваност)* | • Учениците преку бура на идеи поттикнати од наставникот разговараат за тоа што за нив претставува мајчинската љубов, колку родителите се жртвуваат за своите деца и што е подготвен да направи родителот за своето дете кога тоа би било во опасност. |

| | |
|---|---|
| **Број на часови: 1** | • Наставникот чита дел од текстот за мудриот совет на Соломон од Стариот Завет (3 Царства 3,16-28) и преку техниката СТОП, застанува со читањето со цел да го согледа размислувањето на учениците. Наставникот им поставува прашање кава одлука тие би донеле во дадената ситуација од текстот.<br>• Откако наставникот ќе ги сослуша нивните размислувања продолжува со читањето на приказната и учениците согледуваат како изгледа една правилна одлука.<br>• Започнуваат дебата дали Соломон правилно одлучил, но воедно и колкава може да биде љубовта и пожртвуваноста на една мајка. |
| • *Мудри Соломонови изреки (поими: родителска љубов, праведност, чесност)*<br><br>**Број на часови: 3** | • Учениците го читаат посочениот текст од Сариот завет (Сол. Изреки. 4. 1-29).<br>• Преку техниката грозд ги издвојуваат најважните поими од текстот и се води дискусија за нив.<br>• Може да се погледне краток филм "Што е тоа " („Ti einai auto"), кој накратко го опишува односот помеѓу родителот и детето, мудроста во однесувањето, грижата, почитта, сочуството и пожртвуваноста.<br>• Се чита дел од Стариот Завет (Соломонови изреки 11, 1-29) и потоа преку внесување на поимите во **Т**-табела се врши кратка анализа на текстот.<br>• Наставникот ги дели учениците во две групи и ги подготвува за следниот час, давајќи им насоки како се води дебата и која е нејзината цел. Едната група треба да се залага и да ја одбрани темата дека со праведност и чесност се постигнува успех. Другата група има спротивно мислење и треба да ја одбрани темата дека праведноста и чесноста не се доволни во општеството во кое живееме и многу често го водат човекот кон неуспех.<br>• Следниот час се води дебатата на веќе подготвената тема. Учениците изложуваат аргументи за да ја докажат својата страна.<br>• Учениците изработуваат хамер со Соломоновите изреки кои им оставиле најголем впечаток. |

**Тема 3. Воспитувањето преку приказните и мудрите поуки во исламот**
**Вкупно часови: 9**

**Знаења/вештини:**

Ученикот/ученичката:

- Знае дека другарите треба да ги бира според нивните лични особини;
- Разбира дека заедничката работа води до успех;
- Ги препознава мораните вредности.

**Ставови/вредности:**

Ученикот/ученичката:

- Прифаќа дека надворешниот изглед не е пресуден во одбирањето на пријателите;
- Прифаќа дека заедно сме посилни;
- Ја осудува наметливоста и понижувањето.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|
| • *Пратеникот Мухамед и слепиот човек*<br><br>**(***Поими: пријателство, општествена и социјална еднаквост)*<br><br>**Број на часови: 1** | • Учениците ја читаат приказната за пратеникот Мухамед и слепиот човек и преку бура на идеи ја анализираат истата.<br>• Даваат свои лични примери дали надворешниот изглед за нив е пресуден кога го одбираат своето другарче.<br>• Донесуваат заклучок дали надворешниот изглед или срцето на луѓето треба да ни биде пресудно во одбирањето на нашите другари. |
| • *Обнова на Каба во Мека*<br><br>*(Поими: Мека, Каба, тимска работа)*<br><br>**Број на часови: 2** | • На претходниот час наставникот им дава задолжение на учениците да истражат за Кабата, нејзината историја и значење во исламот.<br>• На часот преку техниката превртена училница учениците ги изложуваат своите истражувања кои ги имаат направено во писмена форма или преку презентации поткрепени со фотографии.<br>• Ја читаат приказната за обновата на Кабата во Мека и при анализата на приказната доаѓаат до заклучок дека заедничката работа секогаш не води кон поголем успех.. |

| | |
|---|---|
| • *Приказната за верната Хатиџа*<br><br>*(поими: морални вредности, искреност, доверливост)*<br><br>**Број на часови: 2** | • Учениците ја читаат приказната за првата жена на пратеникот Мухамед – Хатиџа и се запознаваат со нејзиниот живот.<br>• Преку дискусија учениците ги издвојуваат моралните вредности на Мухамед и Хатиџа кои треба да ни бидат пример за тоа кои карактерни особини теба да ги поседуваме и да ги бараме во луѓето околу нас.<br>• Учениците истражуваат за пештерата Хира и зошто муслиманите одат на аџилак и ја посетуваат. |
| • *Мудрости на Мухамед (Поими: благосотојба, мир, среќа)*<br><br>**Број на часови: 3** | • Учениците поделени во групи преку техниката аквариум извлекуваат ливче на кое е напишана мудрост која ја кажал Мухамед.<br>• Во склоп на својата група ја обработуваат мудроста , а потоа своето размислување го изложуваат пред своите соученици и ја истакнуваат поуката која ја извлекле од дадената мудрост.<br>• Учениците изработуваат хамер со мудростите на Мухамед кои им оставиле најголем впечаток. |
| • *Резиме*<br><br>**Број на часови: 1** | • Учениците ги изложуваат своите ставови и размислувања колку параболите, поучните приказни и мудрите изреки допринесоа за начинот на нивното размислување и позитивно делување во околината во која живеат. |

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот.

Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата и при формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои поттикнуваат рамноправност и промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за нивниот напредок и постигнувања.

За учество во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- придонесот во групните активности,
- учеството во истражувањата,
- одговорите на квизови кои се дел од поучувањето,

- придонесот во изведување на заклучоците,
- практичните изведби поврзани со стандардите за оценување.

По завршување на учењето на секоја тема учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Врз основа на напредувањето, констатирано преку техниките и методите во формативното оценување се изведува сумативната оценка која ги опишува постигнувањата на ученикот. Сумативната оценка за тримесечието е задолжително проследена и со насоки за подобривање кои треба да му помогнат на ученикот да ги постигне очекуваните резултати од учењето за конкретниот предмет. На крајот од учебната година ученикот добива сумативна оценка.

Норматив: Наставата по наставниот предмет воспитувањето преку параволите, мудрите изреки и приказните ја изведува професор - специјалист по методика на наставата по религиско образование